НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## БР.22



БИТОЛА

2019

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 22 НА Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА**

**Издавач:**
НУ Завод и музеј Битола

**За издавачот:**
д-р Мери Стојанова

**Претседател на редакциски одбор:**
Енгин Насух

**Технички секретар:**
м-р Јове Парговски

**Членови на редакциски одбор:**
Надежда Георгиева
Оливера Макриевска
Владо Ѓоревски

**Лектор: Стево Гацовски**

**Печати: Европа 92, Кочани**

**Тираж: 300**

## СОДРЖИНА

**Душко ТЕМЕЛКОСКИ, Владимир КРСТЕСКИ**
МОНЕТИ НА АНТИЧКО - МАКЕДОНСКИТЕ ВЛАДЕТЕЛИ ВО НУМИЗМАТИЧКАТА ЗБИРКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП 1

**Мери СТОЈАНОВА**
ОБРЕДНАТА ПРАКСА ВО МАЛА ПРЕСПА НИЗ ПРИЗМАТА НА ЗАПИСИТЕ НА СТЕРЈО СПАСЕ 17

**Мимоза ХРИСТОСКА**
ЧЕТИРИ САКРАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД XIX ВЕК ВО КРУШЕВСКАТА ОПШТИНА 23

**Весна КАЛПАКОВСКА, Оливера ЈАНДРЕСКА**
МЕРМЕРНА ПЛОЧА СО НАТПИС НА СВЕШТЕНИК НА ХЕРАКЛЕ ОД СТИБЕРА ОД ЗБИРКАТА НА ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИЦИ И КАМЕНА ПЛАСТИКА, ПРИ НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ ПРИЛЕП 33

**Стефан КАРАЏОВСКИ**
ПРВА КРСТОНОСНА ВОЈНА 43

**Драган ГЕОРГИЕВ**
„УВОЛНИТЕЛЕН БИЛЕТ“ НА ДОНКА СТАВРЕВА УШЛИНОВА 57

**Мирјана НИНЧОВСКА**
ОД СИМБОЛИКАТА НА ДЕБАРСКОТО БЛАГОТВОРИТЕЛНО ДРУШТВО „НАПРЕДОК“ ВО СОФИЈА ВО ПРВИТЕ ДЕЦЕНИИ НА 20 ВЕК 65

**Васко ГИЧЕВСКИ**
ЖЕНАТА ВО БИТОЛСКИОТ САНЏАК 1881- 1912 ГОДИНА 73

**Александар ЛИТОВСКИ**
ПРИЛОГ ЗА ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СТЕВО ХРИСТОВСКИ–ПАТАКО, ВРЗ ОСНОВА НА СПОМЕНИТЕ НА ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ 83

**Марјан ИВАНОСКИ**
ПРОТОКОЛ ОД СОБРАНИЕТО НА ЦК НА ДВИЖЕЊЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ И ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНО НА 23 НОЕМВРИ 1974 ГОДИНА ВО СТРАЗБУР, ФРАНЦИЈА 101

**Роберто ТРАЈКОВСКИ**
БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ ВО СТРАТЕГИЈАТА НА ГЕРМАНСКАТА ИМПЕРИЈА ВО 1915 ГОДИНА 109

**Рубинчо БЕЛЧЕСКИ**
ВЕРА АЦЕВА – ХЕРОИНА ВО ГЕН - ПОВОД: 100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО 117

**Александар СИМОНОВСКИ**
ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРИМЕНАТА НА МЕТОДИТЕ И СРЕДСТВАТА НА СЛУЖБАТА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА 129

**Паре ЗАРЕВСКА**
ПРИКАЗ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА КЕРАМИЧКАТА УМЕТНОСТ ОД ВИЗАНТИСКИ СЕРЕС 143

**Габриела ТОПУЗОВСКА**
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ 153

**Angelina POPOVSKA**
NEGLECTING... 163

**IN MEMORIAM**
**Драгица Симоска** 169

**Никола Ивановски** 171

**Ристо Палигора** 173

**Почитувани читатели,**
**Почитувани колеги,**

Пред нас е новото издание на „Зборник на трудови" кое како и години наназад така и овој пат ќе понуди автентични материјали и нови сознанија од областа на историјата, заштитата и презентацијата на движното и недвижното културно наследство, како и од музеологија, етнологија, фолклористика, археологија, историја на уметноста, епиграфика....

Како дел од издавачката дејност на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола оваа едиција претставува стручно и научно списание кое е интересно четиво како за стручната така и за пошироката јавност. Во него се поместени трудови на наши колеги од редот на вработени во оваа институција, но и трудови на колеги кои работат во различни сфери во културните и научнитеинституции ширум републиката.

Традиционално „Зборникот на трудови" го носи зачуваното графичко решение на корицата како препознатлив печат на ова издание, додека во самата едиција ќе ги најдете поместени и инструкциите за авторите, со цел да информираме за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за да го заслужат своето место во некој иден ваков број.

Како и секое претходно, и ова издание го испраќа својот апел до сите колеги и научни работници и во иднина да се пријавуваат со свои стручни и научни трудови до редакцискиот одбор со цел истите да бидат презентирани во јавноста. Престедателот и техничкиот секретар на овој одбор во текот на целата година стојат на располагање за прифаќање на трудови, но и за секаква асистенција во врска со аплицирањето за учество во Зборникот.

Претседател на Редакцискиот одбор

Енгин Насух

в.д.Директор

д – р Мери Стојанова

321.74:329.15(497.774)(093.3)”1939/1943”
329.15:929Христовски, С.(093.3) ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 22

**Д-р Александар ЛИТОВСКИ,***

# ПРИЛОГ ЗА ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СТЕВО ХРИСТОВСКИ–ПАТАКО, ВРЗ ОСНОВА НА СПОМЕНИТЕ НА ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ

***Апстракт**: Статијата се темели на изворен материјал - сеќавања за битолскиот првоборец Стево Христовски–Патако. Авторот на сеќавањата е Димитар Димитровски. Статијата се обидува преку објаснување и пополнување на непрецизностите и недореченостите во врска со историската фактографија, да направи прилог за животот и делото на Стево Христовски–Патако.*

***Клучни зборови**: Битола, антифашистичка борба, Стево Христовски–Патако, Димитар Димитровски.*

Спомените на Димитар Димитровски[1] за еден од најзначајните антифашистички борци од Битола, Стево Христовски–Патако, претставуваат вреден извор за стекнување нови сознанија, не само за самиот револуционер, туку и за дел од неговите соборци, како и за функционирањето на антиокупаторското комунистичко движење во Битола и Битолско. Секако, бидејќи личните сеќавања, по правило, секогаш се второстепен извор за историографска реконструкција, потребно е да се објаснат и прецизираат некои од изнесените историски податоци низ сеќавањата на Димитар Димитровски.[2]

Најнапред, добро е да се има предвид дека Димитар Димитровски „писмените сеќавања“ ги подготвил во 2007 г. на барање на битолскиот историчар Ѓорѓи Димовски-Цолев, кој имал намера да изработи монографија за Стево Христовски–Патако.[3] Тоа значи дека е поминат голем временски период од самите настани до запишувањето на меморираното за нив, што, исто така, обврзува непрецизностите историографски да се објаснат и пополнат. Во

* Александар Литовски, вонреден професор, виш научен соработник во ЈНУ Институт за национална историја-Скопје, e-mail: acelitobitola@gmail.com.

[1] Димитар Димитровски е роден во Битола на 18 август 1933 година. Основно училиште заврши во Битола, прогимназија во Охрид, средно техничко училиште и архитектонски факултет во Скопје. Вработен во Заводот за урбанизам – Битола во 1963 година, од каде се пензионира во 1997 година. Директор во Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј – Битола во периодот 1975–1980 година. Од 1991 до 1994 година пратеник во Собранието на Република Македонија. Пишува и публикува повеќе написи од областа на урбанизмот и заштитата на спомениците на културата, како и за разни културни настани, особено од ликовната уметност.

[2] Прилог бр. 1: фотографија од Димитар Димитровски.

[3] Прилог бр. 2: фотографија од Стево Христовски–Патако.

пропратното писмо[4] на Димитар Димитровски, кое го достави заедно со „Сеќавањата“ до Ѓорѓи Димовски-Цолев во 2007 година, стои:

„До проф. Ѓорѓи Димовски-Цолев
Почитуван пријателе,

Деновиве размислував за нашиот разговор во една летна приквечерина во 2006 година, на клупата на Широк Сокак. Тогаш ми кажа за твојата намера да напишеш монографија за првоборецот Стевче Христовски-Патако. Па, со оглед дека јас бев член на неговото потесно семејство, ми предложи усно или писмено да изнесам некои од моите сеќавања за него. Но, поради проблемите што ги имав со својот вид во тоа време, тоа го оставив за подоцна. Па, еве деновиве пристапив кон конципирање на некои мои по малку избледени сеќавања, што е разбирливо ако се има предвид дека се работи за временски период од пред 60 години, односно за време на моето детство до 10 - годишна возраст. Ако се земе во обзир и мојата сегашна 74 - годишна возраст, тогаш е разбирливо што многу од тогашните настани и личности се подзаборавени. Кон ова оди и фактот што од семејни причини се отселивме од Битола кога имав 13 години, а се вратив повторно во градот на 27 години.

Но ценејќи ја твојата благородна намера да се оттргне од заборавот на времето една личност, која, борејќи се предано за остварување на своите идеали за слобода и подобар живот на сите луѓе, го положи и својот сопствен живот, и јас се одлучив да ти ги доставам моите сеќавања од тоа време, толку и такви како што останале запаметени. Притоа, оставам полна слобода да ги земеш само оние за кои сметаш дека се релевантни за монографијата, па дури и тие да бидат корегирани или дополнети, доколку не е издржана нивната објективност и точност.

Со искрена почит, Димитар Димитровски
Битола, јуни 2007“[5]

***

Според достапните податоци, за биографијата на Стево Христовски–Патако, се знае дека тој е роден во Битола на 4 јануари 1921 г. Уште пред Втората светска војна стана член на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) во Македонија и се истакна со својата активност во редовите на прогресивното македонско националноослободително и работничко движење во Битола. Од ноември 1941 г., редакторите на пишуваниот орган на МК на КПЈ за Битола, Стив Наумов и Љупчо Арсов, го ангажираа, заедно со Томаќи Димитровски, како соработник во подготовката на радиовестите за илегалниот весник „Билтен“.

[4] Прилог бр. 3.
[5] Сите материјали од Димитар Димитровски на крајот од статијата се приложуваат во факсимил како Прилог бр. 4.

Во 1942 г. стана член на Месниот комитет на КПЈ за Битола и во него не само што е одговорен за младината и СКОЈ, туку го организира и функционирањето на партиската техника. Иако константно работи под исклучително тешки и неповолни услови, партиската техника и целиот сектор за агитација и пропаганда (АГИТПРОП) постигнува значајни резултати во информирање на населението за развојот на НОАВМ и злосторствата на бугарскиот фашистички окупатор.[6]

Всушност, од летото 1942 г., Стеван Христовски-Патако е член на новоформираниот секретаријат на СКОЈ во Битолската гимназија во кој, покрај него, влегуваа: Павле Ивановски и Цвета Чаловска. Во октомври 1942 г.е создадено и Биро на СКОЈ за сите средни училишта во градот со секретар Стево Патако, а членови Илија Андреевски и Ѓорѓи Топаловски. Само малку подоцна во ова биро се и Ратка Бакалинова и Јанку Влаху-Пијо. Месниот комитет (МК) на југословенската младинска комунистичка организација СКОЈ во Битола со секретар Стево Патако е особено успешен во организирањето на младината, која учи во Битолската гимназија. Всушност, СКОЈ во Битола и Битолско е присутен во сите средини: во училиштата, во работилниците, меѓу занаетчиите, во селото... МК на СКОЈ работи преку две организациони јадра – едното за работничката, а другото за училишната младина. Со јадрото за работничката младина раководи Павле Ивановски, а со училишната младина раководи Стеван Христовски-Патако.[7] Овој состав на МК работел сè до апсењето на Стево Патако.[8]

Од оперативните работи кои ги извршува во есента 1942 г., забележано е дека Стево Патако во септември 1942 г., на инструкторите на ПК КПЈ за Македонија Страхил Бегинов и Никола Кирков, им го обезбеди за престојот станот на ученикот Димко Кочински, во кој стан тие се сместени до крајот на 1942 г. и успешно ги изршуваа партиските задачи за организирање вооружен и невооружен отпор против бугарските фашистички власти.[9] Покрај тоа, во овој период, преку браќата Димови, кои се печатари и преку Димко Кочински, Стево Патако обезбеди и букви за весникот „Народен глас“, а раководи и со диверзантската група што таа есен токму тој ја формира од истакнати младинци како Павле Ивановски, Цвета Чаловска, Томе Поповски и Ѓорѓи Тапанџиоски.[10]

[6] Јован Кочанковски, Битола и Битолско во Нардноослободителната и антифашистичка војна во Македонија 1941-1945, кн. 1, Битола, 281, 461.

[7] Исто, 281, 457.

[8] Исто, 188.; Милош. Константинов, СКОЈ; гимназија Битола 1941-1944, Битола 1962, 15, 55. Во мемоарскиот прилог на Ѓорги Тапанџиоски, Гимназијата во Битола како извор за регрутирање на скоевци, Зборник: Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942 година, Битола, 1978, 118-119, стои дека овој орган е формиран „крајот на јули или почетокот на август 1942 година“.

[9] Страхил Бегинов, Документационо одделение на Институтот за национална историја Сл. IV 807, 95-96.

[10] Ѓ. Тапанџиоски, цит. прилог, Зборник: Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942.., 126.

Истовремено со овие ангажмани и активности, Стеван Христовски-Патако е член и на Окружниот комитет на КПЈ за Битола, а учествува во редактирањето и диструбуцијата на битолскиот илегален партиски весник „Народен глас“.[11] Бугарската окупаторска фашистичка полиција кон крајот на 1942 г. го уапси, и откако не успеа да изнуди никакво признание со жестоките физички тортури во битолскиот истражен затвор, го интернира во Кавала, во Егејскиот дел на Македонија.[12]

Пролетта 1943 г., заради нови испитувања бугарската полиција стражарно го спроведува за Битола, но при пристигнувањето на возот на железничката станица „Даме Груев“, што е на десетина километри од Битола, тој му побегна на полицаецот којшто го спроведуваше. По ова илегално се префрли во градот и откако се поврза со партиската организација, беше засолнат во куќата на ученикот Јован Лалев-Алкаро. Иако илегалец по кој интензивно трага бугарската полиција, веднаш ги продолжи активностите за потребите на Партијата и антифашистичкото движење.[13] На 28 јули 1943 г. е откриен и во една од „најорганизираните блокади“ е обиколен од бугарската полиција. Бестрашно вооружено им се спротистави на многубројните полициски сили, но откако увиде дека борбата е осудена на неуспех, со последнот куршум се самоуби и не дозволи да биде жив заробен.[14]

***

Во натамошното излагање, само со неопходните правописни корекции и со одредени објаснувања и појаснувања кои се соодветно нотирани како моја белешка (т.е. б.м.), ги предавам мемоарските забелешки на Димитар Димитровски за славниот битолски првоборец и неговата работа.

## Димитар Димитровски, СЕЌАВАЊА ЗА СТЕВАН ХРИСТОВСКИ-ПАТАКО

*Семејство*:

Стевче Христовски-Патако и неговиот помлад брат Ристо Христовски-Цуцо, биле двата сина на Фанија и нејзиниот прв сопруг (кој мислам дека се викаше Пецо).[15] По смртта на својот сопруг, Фанија се премажила за Трифун Златевски[16] и од тој момент поголемиот син Стевче премина да живее кај

[11] Ј. Кочанковски, н.д., 374-375.

[12] Исто, 222. Милош Константинов пишува дека Стеван Христовски-Патако е уапсен во февруари 1943 г., како место на интернација најпрво го одредува политичкиот логор Крстопол, а потоа градот Кавала. М. Константинов, н.д., 55.

[13] М. Константинов, н.д., 54-56.

[14] Исто, 55-56.; Ј. Кочанковски, н.д., 461, 463.

[15] Во неколку фусноти Димитар Димитровски прави појаснувања за сопствените податоци. Во првата фуснота, поставена на ова место стои: „Претпоставувам дека има доволно публикувани биографски податоци па затоа избегнувам повторувања и датирани настани.“

[16] Фуснота на Д. Димитровски: „Трифун и неговиот брат Александар се дојдени во Битола од градот Воден (Егејска Македонија). Трифун изградил куќа на аголот на денешните улици

својата баба Ленка (мајката на Фанија) и дедото Мијал. Во тоа семејство беше и нивниот законски усвоен син Коста (мојот татко), кој подоцна се ожени со Марија (мојата мајка), а од 1933 година, со моето раѓање и јас постанав член на тоа семејство. Тоа беше семејството во кое ги живееше своите гимназиски и студентеки години Стевче Патако, сè до неговата трагична смрт.

*Куќа*:

Куќата во која живееше Стевче (денес на ул. Никола Тесла бр. 70) била изградена во почетокот на 20 век, од браќата Васил, Јован и Мијал, тогаш дојдени во градот од село Граешница, Битолско. Куќата не била физички поделена, така во 12-те станбени простории (на катот, мезанинот и приземјето) живееле, покрај семејството на Мијал, и семејствата на двата негови брата: на братот Јован со неговата сопруга Петра и синот Панде (подоцна оженет за Нада) и синот Ѓорги (со неговата сопруга Стевка) и братот Васил (кој замина на печалба во Америка и повеќе не се вратил дома) со неговата сопруга „Василица“, ќерката Домна (со сопругот Нико Киријаку) и синот Томаќи Димитровски.[17] Тоа беше поширокото семејно опкружување на Стевче во куќата во која живееше. Откако почина мојот дедо Мијал и мојот татко Коста замина на печалба во Америка (каде бргу се разболе и почина), Стевче стана „најстарата машка глава“ во нашето семејство. Со него ја делевме дневната соба во приземјето и спалната соба на катот.

Поради својата масивна градба и централната местоположба во градот, за време на окупацијата (1941-1944) бугарската локална власт имаше

„Стив Наумов“ и „Стевче Патако“. Во бракот со Фанија добиле три сина: Никола, Александар и Златко, кои се полубраќа на Стевче и Ристо.“

[17] Фуснота на Д. Димитровски: Томаќи му беше братучед и врсник на Стевче и тие во истата куќа живееја како браќа. Двајцата беа партиски организирани уште за време на гимназиските денови. Како и Стевче и Томаќи беше затворен и осуден (не се сеќавам на пресудата), а затворската казна ја издржувал во Идризово. Таму од политичките затвореници е избран за секретар на партиската организација. Непосредно пред ослободувањето, при бегството на политичките затвореници од затворот (1944 година), најдувајќи се на чело на колоната затвореници (висок, маркантен, во бела кошула) тој падна смртно погоден од куршум на една случајна заседа од бугарската војска (или полиција?).“ Генерално погледнато, овие податоци кои ги дава Д. Димитровски за Томе (Томаќи) Димитровски се точни. Може да се дополни со следното: Роден е на 1 септември 1922 г. во Битола. Уште како ученик во Битолската гимназија во предвоениот период е припадник на југословенската младинска комунистичка организација СКОЈ. Се запиша на Правниот факултет во Белград, Србија, но откако е окупирана Македонија, во април 1941 г. се врати во родниот град. Тој е меѓу најактивните дејци во организирањето на антиокупаторска и антифашистичка борба. Во април 1942 г. стана борец на Првиот битолски партизански одред „Пелистер“. Во септември 1943 г. стана член на првиот Народноослободителен комитет (НОК) во Битола, кој, всушност, е првиот орган на новата македонска власт во градот. Бил откриен и уапсен од бугарската окупаторска полиција, а потоа е осуден на доживотен затвор. Казната ја издржува во затворот во Идризово, Скопско. По бегството на политичките затвореници од затворот, во август 1944 г. стана борец во Третата македонска бригада. Загина во борбите на оваа единица со бугарските војски на 28 август 1944 г., кај селото Морани, Скопско. Беа, загинаа, останаа; спомен книга на загинатите борци од НОВ и жртвите на фашизмот - Скопје, Скопје, 1969, 50.

ангажирано две станбени простории „квартири“ за потребите на своите службеници, во кои се менуваа повеќе станари во тој период. Куќата имаше заграден двор со околните згради од сите четири страни, но и можност преку малите капиџици или преку оградните ѕидови да се преминува од дворот во соседните дворови и излегува на други улици (денес ул: „Маркс и Енгелс“ и ул.„Елпида Караманди“).Тоа се покажа како многу значаен фактор за скривање на илегалци или за одржување на партиски состаноци дури и во услови кога нашата куќа беше изложена на перманентен надзор (кој кога влегува и излегува) од страна на дискретно затскриените агенти на бугарската полиција. Можноста за брза евакуација од нашата куќа на други улици, беше можда решавачки фактор за честите партиски состаноци во неа.[18]

*Партиска активност*:

Дека Стевче заедно со Томаќи се партиски организирани знаевме сите домашни во куќата, уште за времето на Кралството на СХС. Но нивните активности се засилија пред и за време на Втората светска војна, со идењето на бугарскиот окупатор кога и посетите на нивните другари истомисленици зачестија во нашата куќа.[19] Меѓу честите посетители во нашата куќа беа: Илија Топаловски, Андон Попандонов, Боро Миљовски, Анести Пановски, Јосиф и Кице Ѕвончаро, Димче Кепевски, Јорго Ристевски-Манџуро и неговиот брат Томе-Ширли, Коле-Млекаро... и др. како и нивни другари од еврејската заедница во Битола. Меѓу поретките посетители во нашата куќа беа: Стив Наумов, Елпида Караманди, Драга Чаловска, Мица Попандонова, Десанка Доти... Пред бугарската окупација чест гостин во нашата куќа беше Зоран Пјаниќ, со кого Стевче често играше шах на шаховската табла која заедно со партиското радио своевремено му беа предадени на СЗБ од НОВ во Битола.

Партиската активност на Стевче (колку што јас знам) беше насочена, главно, на работа со градската и школската младина, а се одвиваше на илегални состаноци по куќи, во шаховскиот клуб (каде беше чест посетител), на разни спортски или масовни приредби, како и излети во природа. Се сеќавам на една таква спортска приредба во еврејскиот дел на градот, каде официјално објавениот натпревар во пинг-понг со еврејските младинци беше искористен за гласна агитација против окупаторот и експлоатацискиот систем на тогашното општество.

[18] Фуснота на Д. Димитровски: „Паметам неколку случаи (еднаш со Томаќи и три пати со илегалци со префрлање преку оградни ѕидови или преку капиџикот од соседната куќа на баба Спаса (подоцна на Врбица ) се префрлале во дворните места на другите куќи, излегувајќи на други улици.“

[19] Фуснота на Д. Димитровски: „Додека за време на првата Југославија (Кралството на СХС) нивните активности беа насочени против постојниот политички и експлоататорски систем, за време на бугарската окупација се проширија и против новите поробувачи и нивната фашистичка идеологија. Со особена еуфорија беше дочекана веста дека хитлерова Германија му објави војна на Советскиот Сојуз, сметајќи дека „Големата мечка“ е непобедива и дека тоа ќе придонесе и за нашата победа.“

За партиски состаноци во нашата куќа често се користеа верски и државни празници, како оправдан мотив што на едно место се берат повеќе луѓе. Во такви собири се претвораа и имендените и родендените на Стевче и Томаќи. Се сеќавам на еден од тие собири, кога пред почетокот на состанокот ме качија на маса да ја изрецитирам стихотворбата од Венко Марковски „Огинот“, по кое со аплаузот како награда добив и овална значка со ликот на Гоце Делчев, која повеќето од присутните ја носеа на задната страна од реверот.[20] Се сеќавам и на еден состанок, кога корпулентниот Стив Наумов седна на писачкото биро (на кое средниот дел беше од штица обложена со зелена чоја и пропадна под неговата тежина, на кое сите се смееја. Се сеќавам и на песните кои се пееја на таквите состаноци, меѓу кои беа: „Билечанка“, „Буди се исток и запад“, „Жив е тој жив е...“, „Волга Волга“, „Сибир, сибир“, „Полина еј полина“, „Миле Поп Јорданов“ и др.

Покрај другите активности, Стевче беше задолжен секоја вечер на партиското радио (кое работеше на струја и батерии) да ги слуша вестите на забранетите радиостаници во тоа време и да прави белешки, кои подоцна се печатеа на партиските билтени и летоци. Се сеќавам и на една комична ситуација, кога мојата баба, без да знае дека чадорот за дожд (закачен на закачалка) е полн со партиски летоци, го зела и отворајќи го пред излезната порта, сите летоци се истурија на плочите во ходникот. Цела среќа што не го отворила надвор на улица.

Со оглед дека нашата куќа беше под присмотра на полицијата, за дистрибуција на неговите белешки (како и други партиски материјали) се користеа разни канали. Па така, во неколку наврати и мојата школска торба-ранец беше искористена за поштенско сандаче, во кое меѓу школските книги и тетратки беа скривани и разни конспиративни материјали кои јас, со ранецот на рамо, ги пренесував на посочените места, а најчесто до мојата тетка Фанија, наменети за Цуцо. (Притоа се мислеше дека нема да биде сомнителна за претрес школската торба на еден 8 - годишен ученик). Кои

[20] Илинденските традиции во рамките на македонското комунистичко движење беа исклучително интензивно вградени. Всушност, од увидот во целата документација зачувана од македонското националноослободително комунистичко движење може јасно да се констатира оти неговите припадници имале самоубедување дека се наследници на илинденските борци, а дека борбата што ја водат претставува „втор Илинден“.Македонската историографија често се навраќала за да ја истражувала таа тема, а, како пример, може да се посочат и следните научни трудови: Михајло Апостолски и Галена Куцуловка, Одгласот на револуционерните традиции во НОБ, Скопје, 1968, 32.; Вера Весковиќ-Вангели, Илинденската кауза за државност – еден од факторите за општонародно востание во Народноослободителната војна на Македонија, Зборник: Македонската историска наука: достигнувања и проблеми, Скопје, 2001, 285.; Владо Ивановски, Крушевската република низ документацијата на НОВ и народната револуција во Македонија, списание „Историја“, XV/2, Скопје, 1979, 117-130. Впрочем, многубројните материјали од научните собири за Илинденското востание одржани во периодот 1976-1982 г. во Крушево и печатени под името „Прилози за Илинден“, сосема добро ја илустрираат оваа тенденција во македонската историографија.

станици ги слушаше Стевче навечер не би можел да кажам, но знам дека со радиото во заедничката спална соба секоја вечер заспивав со гласот на Радио Москва и звуците на Интернационалата.

Се разбира дека сета активност на Стевче и Томаќи се одвиваше со голема претпазливост, затоа што нашата куќа беше изложена на перманентно надгледување. Притоа, парадоксално беше тоа што во извесен период како станари во двете ангажирани „квартири“ на катот беа сместени началникот на моторизираната полиција (кој инсистираше да објасни дека нема врска со полицијата надлежна за прогон, арестување, сослушување и затворање на политичките затвореници), а во поголемата соба со балкон на улицата, беше сместен судија на Воениот суд во Битола. За разлика од другите претставници на окупаторската (власт-б.м.) овие двајца беа културни и многу коректни во однесувањето со нас. И пред заминувањето од Битола, началникот со загонетна насмевка изјави: „Немојте да мислите че аз не знаја какво се случва тука“, а судијата на Воениот суд во една прилика на мојата мајка и кажа: „Ние се трудиме смртната казна да ја замениме со 101 година затвор, затоа што со тоа се спасува животот на затвореникот, а во затвор и така нема да остане долго. (Веројатно алудирајќи дека брзо ќе заврши Втората светска војна). Навистина тие беа поинакви претставници на бугарската власт, каков што беше и воениот обавештаец Борис, кој се всели по заминувањето на двата претходни станари и тоа како обичен војник, а имаше, инаку, чин капетан. Тој беше интелектуалец кој говореше течно француски и германски јазик. Не знам во каква тајна служба работеше, но знам дека работеше против фашистичка Германија, особено по смртта (убиството) на цар Борис, кога почна да се движи во цивилна облека.

За разлика од овие три случаи, останатите агенти и полицајци кои насилно влегуваа во нашата куќа при блокади и претреси беа многу брутални и свирепи во однесувањето со нас, пцуејќи на секој втор збор со „мамката мрсна“. Се сеќавам на еден случај кога еден од агентите, незадоволен од одговорите на мојата баба, ја фати со двете раце за раменици туркајќи ја кон завојните дрвени скали со цел да се струполи надолу. Но, за среќа, баба ми падна испружена пред првата скала и остана таму да лежи тешко изудрена. А за односот на бугарската полиција во затворите, Стевче по неговото затворање и ѕверско биење за да признае нешто, изјави дека никогаш повеќе нема да дозволи да падне жив во рацете на полицијата. И тоа подоцна го направи!

Додека беше во затвор, комуникацијата со Стевче беше отежната и, главно, сведена во деновите одредени од полицијата „за свиждање“ кои се одвиваа во затворска просторија со задолжително присуство на полицаец. Но ние се снајдувавме и поинаку, па во дрвената дршка од рачникот (со кој често му носевме храна) ќе скриевме завиткана тенка хартија испишана со некаква порака. На ист начин добивавме и повратни одговори.

Според своите карактерни особини Стевче, за разлика од темпераментниот и елоквентен Томаќи, беше мирен и тих човек, но со голема

енергија и цврстина во спроведувањето на поставените задачи од Партијата, во која силно и безгранично веруваше. Стевче и Томаќи беа идеалисти, кои со занес веруваа во своите идеали што беа засновани врз слоганот од Големата француска револуција „Слобода, братство, еднаквост“, како и на прокламираните насоки од Октомвриската револуција во Русија. За својот идеализам често го цитираа српскиот поет Јован Јовановиќ-Змај, со една негова стихотворба за силата и крилјата што ги даваат идеалите и пустотијата на животот без нив. Тие не се бореа за себе, туку за подобар и поправеден живот на другите луѓе кои беа бездушно експлоатирани, обесправени и понижени како човечки суштества. Во таа борба тие ги заложија и своите животи. А кога од денешна дистанца размислувам за нивното сфаќање на комунизмот, констатирам дека тие, иако сите атеисти, спроведуваа некој вид комунизам од христијанска провениенција. Впрочем, кога мојата баба Ленка ги караше оти не веруваат во Бога и не одат во црква, Стевче и одговараше: „Мори бабо, и ако не одиме во црква ние веруваме во учењето на Ристос, оти тој беше комунист како нас“. А на другите им велеше дека учењето на Христос за нов подобар свет на луѓето е исто како и нашето, со разлика во патот на неговото остварување: „Кај Христос со проповед, молитви и трпение, а кај нас со револуција“. Тие не веруваа во Христос како син на Бога, но го признаваа како народен водач кој во своите проповеди се залагаше за слобода, социјална правда и еднаквост меѓу луѓето, во хумана заедница која ќе им обезбеди подобар живот на сите. Но тие се бореа тоа да се оствари на земјата, а не на небото.

Па не само декларативно, туку и во секојдневниот живот Стевче постапуваше како ортодоксен христјанин, делејќи буквално сè со своите посиромашни другари. Така еднаш среде зима ги даде своите нови зимски високи чевли „гојзерици“ (на некој другар што требало да замине во планина); друг пат го даде својот зимски џемпер (што мојата мајка му го исплете); трет пат ги даде своите волнени чорапи (што му ги исплете мојата баба); ги даде во друга прилика шалот и плетените ракавици... А огорчено реагираше на предлогот на бабата, од помошта во храна (која од разни страни се собираше во нашата куќа) за партизаните, да земе малку шеќер за да му свари чај за неговото воспалено грло, оти нашите купони за храна за тој месец беа потрошени. Но, Стевче толку многу се налути од тој предлог што направи ґолема кавга со бабата.

Стевче читаше многу книги и како гимназист и како студент и тоа од разни жанрови (белетристика, публицистика, историски романи, но и таканаречена „забранета литература“). За некои наслови и денес се сеќавам, како „Мајка“ од Горки, „Како се калеше челикот“, „Гвоздена пета“ (од Џек Лондон-б.м.), „Мартин Идн“ (од Џек Лондон-б.м.)... Колку што ми е мене познато од неговата библиотека не остана ништо, затоа што повеќето „забранети книги“ беа конфискувани од полицијата при изненадните претреси, а другите се веројатно раздадени на другарите, роднини и пријатели.

За својата кауза Стевче и Томаќи се трудеа да придобијат што повеќе луѓе, објаснувајќи им ги проґрамските цели на Партијата во кои, покрај борбата за политичка слобода и социјална правда, се појаснуваше визијата за создавањето на една Балканска федерација на братски рамноправни држави и народи. Но, пред сè, агитираа за потребата од заедничка борба против фашистичката коалиција, што стана мото во нивниот меѓусебен поздрав: „Смрт на фашизмот-слобода на народот“! Така, во почетокот сомничаво, подоцна им се придружи и нашиот роднина (негов и мој тетин) Стево Врбица, кој откако заминав в планина со партизаните (како поранешен резервен офицер) беше поставен за командант на една партизанска единица. Тогаш беа водени разговори со пребеганите белогардејци за време на Октомвриската револуција во Русија. Мислам дека беше постигната само согласност да не влезат во „Доброволниот одред“, што фашистичките сили намеравaја да го испратат на „Источниот фронт“ во борба тротив „Црвената армија“. Тогаш ја слушнав изјавата на мојот подалечен тетин Николај Оболенски (Белогардеец со благородничко потекло) дека без разлика на тешкото минато тој нема никогаш да крене рака на своите руски браќа. Пред овие разговори Томаќи успешно агитираше меѓу своите роднини, па партиски ги организира своите брачеди од семејството Бакалинови (Цветка, Васка и Ристо), а беше во тесна врска со семејството на аптекарот Акил Чаловски (чии деца беа организирани уште во гимназиските клупи. Помалиот брат на Стевче, Ристо Христовски-Цуцо, кој живееше во семејството на својата мајка, беше даден да изучува кондураџиски занает, па затоа неговата партиска работа, главно, се одвиваше во тој еснаф.

За партиската активност на Стевче има објавени материјали, па јас не би сакал да се служам со цитати што се веќе познати и затоа останувам во бележење само на моите сеќавања.

*Студии, затвор, интернација*

По завршување на гимназијата, Стевче се запиша на Правниот факултет во Софија. За време на студиите контактите со него беа проретчени, па немам (или сум заборавил) некакви информации во врска со неговата работа и живот. Знам само дека во тоа време стажираше во една адвокатска канцеларија покрај реката Драгор, непосредно до Ленски Мост. Тогаш во една голема, партиска провала[21] беа затворени многу активни членови на Партијата, меѓу, кои и Стевче.[22] Во затворот, и покрај големата психичка и физичка тортура и ѕверското мачење од страна на иследните органи Стевче

[21] Фуснота на Д. Димитровски: „За оваа партиска провала знам дека е доста пишувано и објавено од страна на поединци, па може да се најдат материјали во Историскиот архив или во библиотеката на СЗБ од НОАВМ-Битола.“

[22] Всушност, се работи за т.н. Априлска провала, која започнала на почетокот на април 1942 г. со апсењето на Томе Спасовски-Ѓуш, кој ги извршил првите предавства, а потоа се ширела со апсења и предавства од други активисти на антифашистичкото движење. Меѓу нив и Стево Патакот. Јован Кочанковски, Битола и Битолско во Нардноослободителната и антифашистичка војна во Македонија 1941-1945, кн. 1, Битола, 2010, 287-288.

ништо не призна. Но, сепак, беше осуден и интерниран во логорот за политички затвореници во градот Ксанти (Егејска Македонија), кој тогаш беше под управа на Бугарија. По извесно време поминато во логорот доби позив да дојде во Битола на ново дополнително сослушување од страна на полицијата, што се должеше на исказот на еден политички затвореник (веројатно изложен на страшни измачувања), дека Стевче е еден од организаторите на Покретот во градот. Така Стевче, во придружба на еден полицаец, со посебен вагон во возот, пристигна од Ксанти во Битола.

*Бегство и самоубиство*

Поведението на Стевче во возот беше примерно, така што полицаецот се стекна со убедување дека спроведува многу мирен и тих човек кој во полицијата ќе ја докаже својата невиност, па затоа и не помислуваше дека затвореникот ќе сака да избега. А токму тоа и се случи кога возот застана на станицата во Битола. Откога слегоја од возот, Стевче го замоли, полицаецот да оди во станичниот клозет поради појавена болка во колкот. Без да се посомнева, полицаецот го однесол до клозетот, застанувајќи да стражари пред вратата. Но Стевче го искористил моментот и од високо поставениот мал прозор што бил од другата страна на клозетот, се префрлил преку него и излегол на железничките колосеци, од каде преку полето исчезнал во непознат правец. Откако полицаецот сфатил што се случило и дал знак за тревога во дежурната служба на станицата, станала една невидена бркотница во потрага по избеганиот затвореник. По неполн час од бегството на Стевче, полицијата спроведе блокада на нашата улица и детален претрес во куќата. Избезумените агенти и униформирани полицајци просто беа побеснети во нивното однесување кон нас, барајќи информации „Каде го криете бандитот“? А од кога го истражија секој агол во куњата и се увверија дека Стевче, сепак, не е дома, заминаа оставајќи нѐ нас во една радосна загриженост и неизвесност.

Од други извори подовна дознавме (доста магловито) како Стевче прво се засолнал во некое полско село, од каде ноќно време се префрлил во градот, поврзувајќи се со некои партиски другари кои требаше да му обезбедат врска за да оди во планина. И така, чекајќи ја врската, заедно со својот партиски другар Боро Миљовски еден ден се нашле опколени од полицијата во куќата пред која денес стои споменик посветен на Стевче Патако и Вангел Мајоро: ( двата првоборци беа членови на Месниот комитет на КПМ и загинати на местото: Вангел Мајоро во 1942 г. а Стевче Патако во 1943 г.)

Куќата во која загина Стевче денес е видоизменета, како и тогаш високиот ограден ѕид на дворот. Информациите за трагичниот настан ги добивме од повеќе извори, од кои можевме да заклучиме како се одвивале настаните. Со цел да се пробие од полициската блокада, Боро се одлучил да избега од куќата прескокнувајќи го високиот вграден ѕид на дворот. Но при паѓањето од ѕидот на улица ја скршил ногата и бил опколен и фатен од полицијата. Стевче останал внатре во куќата. Откако видел дека ситуацијата е

безнадежна, соочувајќи се со алтернативата да се предаде или да се самоубие, го избрал второто, откако веројатно се потсетил на неговото ѕверско мачење при последното испитување во бугарскиот затвор и неговата цврста одлука: Никогаш повеќе жив во рацете на бугарската полиција! Тоа и го направи пред да се слушне истрелот од малиот пиштол (марка „берета“) се слушнала песна, по кое паднал Стевче на подот пронижан од куршумот во својата уста. Така е најдено мртвото тело на Стевче од страна на полицијата.[23]

Не се сеќавам после колку време ни го предадоа мртвото тело на Стевче, за да го погребиме. Но се сеќавам на полициското присуство на нашата улица и дома. Со тоа требаше да се обезбеди контрола на лицата кои идеа да го изразат своето сочувство на семејството, како и евентуални политички провокации од страна на некој посетител. Но атмосферата околу мртовечкиот ковчег беше таква како што веројатно би посакале Стевче и Томаќи.[24] Во нема и свечена тишина, без тажачки и плачење, со стегнато срце и усти, низ просолзените очи на присутните, со воздржана и неискажана болка му е одадена последна почит на човекот и херој. Тоа беше само во еден момент кратко прекинато со возбудените зборови на еден негов партиски другар, што требаа да значат почит и порака до покојниот.

Погребот беше извршен следниот ден во семејните Буковски гробишта, а подоцна (по ослободувањето) посмртните останки се пренесени на Партизанските гробишта во Битола.

*<u>Наместо епитаф</u>*:

Од трагичниот крај на животот на Стевче Христовски-Патако (1943 година) до денес извршени се драматични промени во политичката карта на светот и во животот. Тоа се случи и кај нас. Притоа е извршено (и уште се врши) преоценување на историјата. Меѓутоа, за жал, не секогаш се земале предвид поширокитe историски и политички околности во тоа време. Западните европски држави имаат почит кон својата историја, каква таа и да била. Така Франција и светот ја слави Големата француска револуција од 1789 година и покрај тоа што под гилотината падналe многу глави, па дури и на водачите на револуцијата. Неоспорна вистина е дека и во развојниот пат на нашата државност имало доста проблематични настани. Но, определените

[23] Фуснота на Д. Димитровски: „Моите сознанија за бегството на Стевче од станица и неговото самоубиство, се засновани на разни кажувања од страна на полицијата и поединци, кои често прераскажуваа она што и самите го слушнале. Такашто не знам дали има вистински веродостојни информации за тие настани: Како се најде Стевче и Боро во куќата во која се самоуби; од кого разбра бугарската полиција дека таму се кријат илегалци; што се случи со лицето што ги предаде... и слично. Во едно само немам сомнение знаејќи го Стевче, дека песната што била слушната пред неговиот фатален истрел била ‚Интернационалата‘!“

[24] Фуснота на Д. Димитровски: „За време на состаноците со другарите во нашата куќа, многу често се пееше и песната (стикотворба од Христо Ботев) за Хаџи Димитар: ‚Жив е тој, жив е...‘ Во таа песна се споменува дека кој ќе падне во бој за слобода - тој не умира.. А нивните коментари беа дека за таквите борци не треба да се плаче, туку исправено и достоинствено да се гледа напред. Хероите така треба да се испраќаат.“

наметнати решенија кои излегувале од моралните кодекси на животот, не треба да ги бараме кај тие кои искрено и непоколебливо верувајќи во своите идеали за слобода и подобар живот на сите луѓе, ги дадоа и своите животи. Не смее да се заборави дека врз нивните коски е изграден темелот на нашата држава — АСНОМ!

А за можеби утопискиот идеал на паднатите хери ќе се послужам со парафраза на една изјава на нашиот познат писател Коле Чашуле, дадена на еден новинар (кога за време на поранешната СФРЈ беше амбасадор во една од земјите на Јужна Америка). На прашањето на новинарот: „Дали сте Вие запознати со гулазите во СССР за времето на Сталин и дали сте сè уште комунист? Чашуле му одговорил со контра прашање: „А дали Вие сте слушнале за папите Борџија, за Инквизицијата, за прогоните на Евреите, за верските војни...дали сте сè уште католик“? Идеите на христијанството не можат да се отфрлат поради папските злоупотреби, како и идеите на социјализмот и комуниамот.

Поради истите и искрени идеали на нашите загинати борци, не треба да дозволиме нивните имиња да останат заборавени, а нивните спомен обележја запуштени или осквернавени. Тоа е наш долг кон нив и сопствената историја!

Јуни, 2007 г. Битола
Димитар Димитровски

**Резиме**

Стево Христовски–Патако е еден од најзначајните антифашистички борци од Битола, па осветлувањето на неговиот животен пат и револуциоинерно дело е од значење за историјата на Битола. Прилогот за него, нужно содржи и нови податоци за дел од неговите соборци, како и за функционирањето на антиокупаторското комунистичко движење во Битола и Битолско.

Бидејќи личните сеќавања секогаш се второстепен извор за историографска реконструкција, треба да се објаснат и прецизираат некои од изнесените историски податоци за Стево Христовски–Патако, за негови соборци и за историските настани кои се презентирани низ сеќавања на Димитар Димитровски.

**Summary**

Stevo Hristovski - Patako is one of the most important anti-fascist fighter from Bitola. Because of that, writing about his life and revolutionary activity is very important for the history of Bitola. This chapter contains new information for him and in general, about communist movement in Bitola. Because memories are second hand sources in the history, in this chapter, they are explained with historic facts but based on the memories from Dimitar Dimitrovski.

**Користена литература***:*

Апостолски Михајло и Куцуловка Галена, Одгласот на револуционерните традиции во НОБ, Скопје, 1968.

Беа, загинаа, останаа; спомен книга на загинатите борци од НОВ и жртвите на фашизмот - Скопје, Скопје, 1969.

Весковиќ-Вангели Вера, Илинденската кауза за државност – еден од факторите за општонародно востание во Народноослободителната војна на Македонија, Зборник: Македонската историска наука: достигнувања и проблеми, Скопје, 2001.

Ивановски Владо, Крушевската република низ документацијата на НОВ и народната револуција во Македонија, списание „Историја“, XV/2, Скопје, 1979, 117-130.

Константинов Милош, СКОЈ; гимназија Битола 1941-1944, Битола 1962.

Кочанковски Јован, Битола и Битолско во Нардноослободителната и антифашистичка војна во Македонија 1941-1945, кн. 1, Битола, 2010.

Страхил Бегинов, Документационо одделение на Институтот за национална историја, Сл. IV 807.

Тапанџиоски Ѓори, Гимназијата во Битола како извор за регрутирање на скоевци, Зборник: Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942 година, Битола, 1978.

Прилог бр. 1



Прилог бр. 2.



Прилог бр. 3



До Проф. ЃОРГИ ДИМОВСКИ – ЦОЛЕВ
Б и т о л а

Почитуван пријателе,

Деновиве размислував за нашиот разговор во една летна приквечерина во 2оо6 година, на клупата на Широксокак. Тогаш ми кажа за твојата намера да напишеш Монографија за првоборецот Стевче Христовски – Патако. Па со оглед дека јас бев член на неговото потесно семејство, ми предложи усно или писмено да изнесам некои од моите сеќавања за него. Но поради проблемите што ги имав со својот вид во тоа време, тоа го оставив за покасно. Па еве деновиве пристапив кон концирирање на некои мои по малку избледени сеќавања, што е разбирливо ако се има предвид дека се работи за временски период од пред 60 години, односно за време на моето детство до 10 годишна возраст. Ако се земе во обзир и мојата сегашна 74 годишна возраст, тогаш е разбирливо што многу од тогашните настани и личности се подзаборавени. Кон ова оди и фактот што од семејни причини се одселивме од Битола кога имав 13 години, а се вратив повторно во градот на 27 години.

Но ценејќи ја твојата благородна намера да се одтргне од заборавот на времето една личност, која борејќи се предано за остварување на своите идеали за слобода и подобар живот на сите луѓе го положи и својот сопствен живот, и јас се одлучив да ти ги доставам моите сеќавања од тоа време, толку и такви како што останале запаметени. Притоа, оставам полна слобода да ги земеш само оние за кои сметаш дека се релевантни за Монографијата, па дури и тие да бидат корегирани или дополнети, доколку не е издржана нивната објективност и точност.

Битола, Јуни 2оо7

Со искрена почит,
Димитар Димитровски

Прилог бр. 4



СЕЌАВАЊА ЗА СТЕВАН ХРИСТОВСКИ – ПАТАКО

СЕМЕЈСТВО : Стевче Христовски – Патако и неговиот помлад брат Ристо Христовски – Цуцо, биле двата сина на Фанија и нејзиниот прв сопруг (кој мислам дека се викаше Пецо).(1) По смртта на својот сопруг Фанија се премажила за Трифун Златевски(2) и од тој момент поголемиот син Стевче премина да живее кај својата баба Ленка (мајката на Фанија) и дедото Мијал. Во тоа семејство беше и нивниот законски усвоен син Коста (мојот татко), кој покасно се ожени со Марија (мојата мајка), а од 1933 година, со моето раѓање и јас постанав член на тоа семејство. Тоа беше семејството во кое ги живееше своите гимназиски и студентски години Стевче Патако, се до неговата трагична смрт.

К У Ќ А : Куќата во која живееше Стевче (денес на ул. Никола Тесла бр. 7о) била изградена во почетокот на 20 век, од браќата Васил, Јован и Мијал, тогаш дојдени во градот од село Граешница-Битолско. Куќата не била физички поделена, така во 12-те станбени простории (на катот, мезанинот и приземјето) живееле покрај семејството на Мијал и семејствата на двата негови брата: на братот Јован со неговата сопруга Петра и синот Панде (покасно оженет за Нада) и синот Ѓорги (со неговата сопруга Стевка) – и братот Васил (кој замина на печалба во Америка и повеќе не се вратил дома) со неговата сопруга "Василица", керката Домна (со сопругот Нико Киријаку) и синот Томаќи Димитровски.(3) Тоа беше поширокото семејно опкружување на Стевче во куќата во која живееше. Од како почина мојот дедо Мијал и мојот татко Коста замина на печалба во Америка (каде брзу се разболе и почина), Стевче постана "најстарата машка глава" во нашето семејство. Со него ја делевме дневната соба во приземјето и спалната соба на катот.

Поради својата масивна градба и централната местоположба во градот, за време на Окупацијата (1941-1944 год.) бугарската локална власт имаше ангажирано две станбени простории "квартири" за потребите на своите службеници, во кои се менуваа повеќе станари во тој период. Куќата имаше заграден двор со околните згради од сите четири страни, но и можност преку малите капиџици или преку оградните ѕидови да се преминува од дворот во соседните дворови и

Франција и светот ја слави Големата француска револуција од 1789. година и покрај тоа што под гилотината паднале многу глави, па дури и на водачите на револуцијата. Неоспорна вистина е дека и во развојниот пат на нашата државност имало доста проблематични настани. Но определените наметнати решенија кои излегувале од моралните кодекс на животот, не треба да ги бараме кај тие кои искрено и непоколебливо верувајки во своите идеали за слобода и подобар живот на сите луѓе, ги дадоа и своите животи. Не смее да се заборави дека врз нивните коски е изграден темелот на нашата држава – АСНОМ !

А за можеби утопискиот идеал на паднатите херои ке се послужам со парафраза на една изјава на нашиот познат писател Коле Чашуле, дадена на еден новинар (кога за време на поранешната СФРЈ беше амбасадор во една од земјите на Јужна Америка). На прашањето на новинарот:"Дали сте Вие запознати со гулазите во СССР за времето на Сталин и дали сте сеуште комунист"? Чашуле му одговорил со контра прашање:" А дали Вие сте слушнале за папите Борџија за Инквизицијата, за прогоните на Евреите, за верските војни .... и дали сте сеуште католик"? Идеите на христијанството не можат да се отфрлат поради папските злоупотреби како и идеите на социјализмот и комунизмот!

Поради чистите и искрени идеали на нашите загинати борци, нетреба да дозволиме нивните имина да останат заборавени, а нивните спомен обележја запуштени или осквернавени. Тоа е наш долг кон нив и сопствената историја !

Ј у н и, 2оо7 год. Димитар Димитровски
Б и т о л а

Ф У С Н О Т И :

(1). Претпоставувам дека има доволно публикувани биографски податоци па затоа избегнувам повторувања и датирани настани.

(2). Трифун и неговиот брат Александар се дојдени во Битола од градот Воден (Егејска Македонија). Трифун изградил куќа на аголот на денешните улици "Стив Наумов" и "Стевче Патако". Во бракот со Фанија добиле три сина: Никола, Александар и Златко, кои му се полубраќа на Стевче и Ристо.



(3). Томаќи му беше братучед и врсник на Стевче и тие во истата куќа живееја како браќа. Двајцата беа партиски организирани уште за време на гимназиските денови. Како и Стевче и Томаќи беше затворен и осуден (не се сеќавам на пресудата), а затворската казна ја издржувал во Идризово. Таму од политичките затвореници е избран за секретар на партиската организација. Непосредно пред Ослободувањето, при бегството на политичките затвореници од затворот (1944 година), најдувајки се на чело на колоната затвореници (висок, маркантен, во бела кошула) тој падна смртно погоден од куршум на една случајна заседа од бугарската војска (или полиција?).

(4). Паметам неколку случаи (еднаш со Томаќи и три пати со илегалци со префрлање преку оградни ѕидови или преку капиџикот од соседната куќа на баба Спаса ( покасно на Врбица) се префрлале во дворните места на другите куќи, излегувајки на други улици.

(5). Додека за време на првата Југославија (Кралството на СХС) нивните активности беа насочени против постојниот политички и експлоататорски систем, за време на бугарската окупација се проширија и против новите поробувачи и нивната фашистичка идеологија. Со особена еуфорија беше дочекана веста дека хитлерова Германија му објави војна на Советскиот сојуз, сметајќи дека "Големата мечка" е непобедива и дека тоа ке придонесе и за нашата победа.

(6). За оваа партиска провала знам дека е доста пишувано и објавено од страна на поединци, па може да се најдат материјали во Историскиот архив или во библиотеката на СЗБ од НОАВМ – Битола.

(7). Моите сознанија за бегството на Стевче од станица и неговото самоубиство, се засновани на разни кажувања од страна на полицијата и поединци, кои често прераскажуваа она што и самите го слушнале. Така да не знам дали има вистински веродостојни информации за тие настани : Како се најде Стевче и Боро во куќата во која се самоуби; од кого разбра бугарската полиција дека таму се кријат илегалци; што се случи со лицето што ги предаде ... и слично. Во едно само немам сомнение знаејки го Стевче, дека песната што била слушната пред неговиот фатален истрел била "Интернационалата"!

(8). За време на состаноците со другарите во нашата куќа, многу често се пееше и песната (стихотворба од Христо Ботев) за Хаџи Димитар: "Жив е тој, жив е..." Во таа песна се споменува дека "Тој кој ке падне во бој за слобода – тој не умира..."А нивните коментари беа дека за таквите борци не треба да се плачи, туку исправено и достоинствено да се гледа напред. Хероите така треба да се испраќаат!

---

Битола,Јуни 2оо7год.